Број на Службен весник: 161/2014
Датум на објавување: 03.11.2014

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од¬ Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14 и 132/14) и член 63 точка 7) од За¬ко¬нот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14 и 113/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.10.2014 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

1. Во Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Македонија за 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/14), во делот „МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА“ во подделот „Активностите во оваа програма преставуваат:“ во точката 3) точката се заменува со запирка и се додава нова точка 4) која гласи:
„4) Финансирање на тимовите кои ќе работат во Центрите за депресија, а ќе функционираат надвор од болниците (во Здравствените домови и Центрите за јавно здравје).“.

Во подделот „Извршители на програмата се:“ во точката 2) по зборот „единица“ се додаваат зборовите „и/или невропсихијатриско/психијатриско одделение или служба“.

2. Во делот „ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА“ табелата се заменува со нова табела која гласи:

		Износ
1.	Судски случан (лица со изречена мерка задолжително чување и лекување)	26.500.000,00
2.	Партиципација за пациентите кон се лекуваат во центрите за ментално здравје	13.000.000,00
3.	Одржување на едукативни работилници	100.000,00
4.	Превземени обврски од 2013 година	15.719.077,00
5.	Превземени обврски од 2012 година	4.280.923,00
6.	Средства за тимовите во Центрите за депресија	400.000,00
	ВКУПНО:	60.000.000,00 денари

Во текстот по табелата во ставот 1 износот „65.000.000,00“ се заменува со износот „60.000.000,00“, а износот „50.000.000,00“ се заменува со износот „45.000.000,00“.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8651/1
29 октомври 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р Владимир Пешевски, с.р.